Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-2972/1
2 март 2021 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Артан Груби,** с.р.

**792.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 март 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Владе Зарков ул. Широк Дол бр.19-9 Штип за земјоделско земјиште кое се наоѓа на КП бр.87/1 дел, место викано Стојчево Кладенче, катастарска култура нива, катастарска класа 4, со површина од 60000м2 запишано во Имотен лист бр.47 за КО Батање.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-12096/1-20
2 март 2021 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Артан Груби,** с.р.

**793.**

Врз основа на член 15 став (5) и член 72 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 март 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ДАВАЊЕ ПОД ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЕВН ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА - АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и склучување на Договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, по пат на непосредна спогодба на Акционерското друштво ЕВН Електростопанство на Македонија Скопје, за градежно земјиште со површина од 8 м2, кое претставува дел од: КП бр. 3982, КО Прилеп, запишано во Имотен лист бр. 63736 согласно Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: 10(20) kV надземен приклучен вод и ТС 10(20)/0.4 kV во место викано Горно Садово (КО Прилеп) - Општина Прилеп бр. 03-02-14/17 од февруари 2017 година одобрен со потврда за заверка на Проект бр. 03-183/1 од 18.1.2018 година за изградба на два објекти со намена Е2- (20) kV надземен приклучен вод и ТС 10(20)/0.4 kV.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12654/1-20
2 март 2021 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Артан Груби,** с.р.

**794.**

Врз основа на член 45 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.307/20), а во врска со член 91 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 март 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2021 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа програма се уредува распределбата на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија, утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во вкупен износ од 452.880.000 денари, од кои во Раздел 191.01 - Министерство за локална самоуправа, Потпрограма ОА Рамномерен регионален развој, ставка 464 - Разни трансфери, се утврдени 9.880.000 денари и во Раздел 280.01 - Биро за регионален развој, Потпрограма ОА Рамномерен регионален развој, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС во износ од 443.000.000 денари.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма, во износ од 443.000.000 денари во 2021 година ќе се користат за следните намени:

